Покровител и финансиер:

Министерство за култура

Спонзори:

СОВЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Deutscher Musikwettbewerb

DEUTSCHER MUSIKRAT

КОБИЛ

Yunus Emre Enstitüsü

КИРО ДАНДАРО

Печатница КИРО ДАНДАРО АД, Битола
Гн. Трифун Костовски, донатор на пијано
БЕЗЕНДОРФЕР ГРАНД КОНЦЕРТ 280

Медиумски спонзори: ТЕРА ТЕЛЕВИЗИЈА, ОРБИС

ИНТЕРФЕСТ-БИТОЛА е организиран во соработка со:
ЗАВОД МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА, Битола
НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ, Битола

ИНТЕРФЕСТ-БИТОЛА
Директор: Кирил Рибарски
Уметнички директор: Милица Шперовиќ - Рибарски
Менаџер: Емил Рибарски
Дирекција:
Никола Грчето, 6/15, 1000 Скопје, Македонија
Телефон/факс 02 2611051
Email: intfestbt@yahoo.com
www.interfest.com.mk
Емил Рибарски, соработник
Слободан Витьевиќ, дизајн на плакат
Кире Ристевски, клавир штимер

# 25. ЈУБИЛЕЕН ИНТЕРФЕСТ БИТОЛА

## ФЕСТИВАЛ НА КЛАСИЧНА МУЗИКА

1.10. - 12.10. 2016

## „МУЗИКА ЗА ЧЕТВРТ ВЕК“

## ИВАН НАУМОВСКИ,

баритон, Македонија

## ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА – ИВАНОВСКА,

пијано, Македонија

**Понеделник, 03.10. 20.00ч..**

**Музеј Галерија, Битола, Македонија**

# ПРОГРАМА

**Г. Ф. ХЕНДЕЛ:** Revenge, Timotheus Cries
Арија од Ораториумот „Александровата гозба“

**Ф. ШУБЕРТ:** Fischerweise D881

**Р. ШУМАН:** Widmung – Myrthen op. 25

**Х. ВОЛФ:** Der Feurreiter

**П. И. ЧАЈКОВСКИ:** Ви мне писали....Арија на Оњегин од операта „Евгениј Оњегин“

**В. А. МОЦАРТ:** Rivolgete a lui lo sguardo
Арија на Гуљелмо од Операта“Cosi fan tutte”

**В. А. МОЦАРТ:** Hai gia vinta la causa
Арија на грофот од „Свадбата на Фигаро“

**Џ. РОСИНИ:** Come un'ape nel gorni…
Арија на Дандини од Операта „Пепелашка“

**Ж. БИЗЕ:** Votre toast...
Арија на Ескамиљо од Операта „Кармен

Младиот баритон **ИВАН НАУМОВСКИ** дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје во 2013 со cum laude во класата на професор Марија Муратовска. Студиите ги продолжува во Грац, Австрија, во класата на Др. Том Сол каде во мај 2016 магистрира со највисок успех. Учествува на мастеркласи на познати вокални педагози: Криста Лудвиг, Бригит Фасбендер, Габриеле Лехнер, Хелена Лазарска, Лидија Хорват. Победник е на Интернационални натпревари за соло пеење во Македонија, Косово и Црна Гора. Уште за време на студиите ѝ се претставил на македонската публика со самостојни рецитали, а на Универзитетот во Грац ги пеел главните улоги во Моцартовите опери „Дон Џовани“, „Волшебната флејта“. Во 2014 дебитирал на оперската сцена во Грац со улогата на Каскада во „Веселата вдовица“ од Лехар. Во Австриската Премиера на современата опера од Елизабет Аске “Der Wunschpunsch”, Иван Наумовски ја толкувал главната улога. Неговите успеси во Грац продолжија со проектот „Росини за деца“ и солистичкиот настап со Оркестарот на “Musikferein”.



Успеси и признанија го следат и во Норвешка и во Македонија. Во 2015 година е добитник на Наградата „Виртуози“ во категоријата млад уметник. Во мај 2016 дебитира во Македонската опера на „Мајските оперски вечери“ со насловната улога на Оњегин во истоимената опера „Евгениј Оњегин“ од П. И. Чајковски. Соработувал со еминентни режисери: К. Луц, Д. Мента, Р. Хофенбицер, Оливие Тамбози, како и со диригентите: Саша Николовски-Ѓумар, Сашо Татарчевски, Александар Калајџиќ, Мариус Буркерт, Франк Крамер.

**ЕЛЕНА АТАНАСОВСКА-ИВАНОВСКА** спаѓа во редот на најуспешните пијанисти на својата генерација, уметник кој активно учествува во музичкиот живот на Македонија и надвор од неа, претставувајќи се со еднаков жар како солист и како камерен музичар. Музичкото образование го стекнува најпрво во ДМБУЦ –во класата на професор Лепа Мрмевска и го дооформува на ФМУ Скопје, каде дипломира со cum laude и магистрира во класата на професор Борис Романов (2005). Добитник е на неколку Први награди на Државните натпревари како и награди на меѓународните конкурси: I Награда за Дуо и II Награда за соло пијано во Сан Бартоломео, Италија (1996), II Награда во Софија 1996, III Награда на Шопеновиот конкурс во Нови Сад (1997). Во 2003 добива Награда од Фондацијата „Франк Манинг“ за најдобар студент. Настапува како солист со Македонската филхармонија и со Камерниот оркестар на Музичка младина на Македонија. Значајни се нејзините настапи на фестивалите во земјата - „Охридско лето“ Скопско лето“, “Битолско лето“, и во странство: „Нимус“, „Гуарнериус“ (Србија), “Festival de musica Palacio Bolsa”,Португалија , “Festival de Sant Pere de Rodes”, Шпанија. Како солист и камерен музичар настапувала во Русија, САД, Франција, Италија, Шпанија, Србија, БИХ, Косово, Бугарија,Португалија.

„ Висока исполнителна техника со силна експресивност “ – Марко Коловски, 2009.

„ ... Елена Атанасовска својата индивидуалност ја расплете преку пијаното наоѓајќи го вистинскиот пат кон звучната експресија во сите нијанси“ – Лили Иванова, Софија 2015.

